**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82-А

Датум: 19. ноември 2008

Оригинал: англиски

**ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ**

Пред: Судија Мехмет Гунеј, Преджалбен судија

Секретар: г. Ханс Холтхуис

Датум на решение: 19. ноември 2008

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВЕН***

## НАЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДАТУМ

**Канцеларијата на Обвинителот:**
г. Пол Роџерс

**Застапник на Љубе Бошкоски :**
Г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Генаил Метро

**Застапник на Јохан Тарчуловски :**
Г. Алан М. Дершовиц, г. Натан З. Дершовиц, г. Антонио Апостолски, г.Јордан Апостолски

**ЈАС, Мехмет Гунеј**, судија во Жалбениот совет на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 и Преджалбен судија во овој предмет;[1]

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** пресудата во овој предмет која ја донесе Судскиот совет II на 10. јули 2008;[2]

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** "Најавата на Обвинителството за поднесување жалба", поднесена на 6. август 2008;

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** "Најавата на Тарчуловски за поднесување жалба", поднесена на 8. август 2008;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Јохан Тарчуловски моментно се наоѓа во Притворската единица на Обединетите нации во Хаг во очекување на жалбената постапка;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** правило 65*bis* од Правилникот за постапка и докази според кое треба да се одржи статусна конференција во рок од сто и дваесет дена од поднесувањето на најавата за поднесување жалба, за да му се овозможи на секое притворено лице во очекување на жалбена постапка да подигне прашања во врска со жалбената постапка и неговата физичка и ментална здравствена состојба;

**НАРЕДУВАМ закажување на** статусна конференција за понеделник, 1. декември 2008, на пладне, во Судница II;

**ПОНАТАМУ НАРЕДУВАМ** Г. Натан З. Дершовиц, застапник на Јохан Тарчуловски, заклучно со понеделник, 24 ноември 2008, да достави писмена изјава со која ќе го потврди неговото усно барање за учество во статусната конференција преку телефонска врска, доколку сеуште го бара истото.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

<u>/своерачен потпис/</u><br>
Судија Мехмет Гунеј<br>
Преджалбен судија

На ден, 19. ноември, 2008 година<br>
Во Хаг,<br>
Холандија.

**/печат на Меѓународниот суд/**

[1] Налог за назначување на Преджалбен судија, 17. ноември 2008.

[2] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Пресуда, 10. јули 2008 ("Судска пресуда").